## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од дванаесетото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија

### одржана на 23 мај 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кирил Андоновски и Трајко Гешовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присустуваат на седницата.

Продолжуваме со расправа по 3-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 13, за менување на став 1, поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници.

За гласале 14 пратеници, воздржано гласале 20 пратеници и против31 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за менување на член 32, поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници.

За гласале 12 пратеници, воздржано гласале 21 пратеници и против 30 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за бришење на член 2, поднесен од пратеникот Илија Илоски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници.

За гласале 12 пратеници, воздржано гласале 20 пратеници и против 30 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Процедурално за збор се јави г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас на почетокот барав процедурално за да ми дадете да се изјаснам како ќе гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Имам право , според Деловникот да се изјаснам, како кога се гласа по знакон. Имам право за време од 5 минути да се изјаснам како ќе гласам по амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега амандманот е изгласан.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Сега е изгласан ама вие треба да водите сметка. Јас бев пријавен за збор. Можете да видите на мониторот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претресот по амандманот за додавање нов член 19-а, поднесен од пратеникот Илија Илоски е заклучен.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Сакам да го искористам моето деловничко право да кажам во кратки црти како ќе се изјаснам по овој амандман.

Се отвори голема амандманска расправа токму по овој член т.е. додавање на нов член 19-а на законот за измена на Законот за банки.

Во моето пошироко образложение кажам една од круцијалните причини која ја натерала Владата да ни поднесе закон за измена на Законот за банки е токму тоа што го дава во образложеието по текстот на измена на законот, дека во меѓувреме се случиле такви и такви работи, да не ги набројувам, за да не се повторувам и токму во функција на спречување на перење пари треба да се извршат одредени интервенции во Законот за банки. Ние како опозиција и јас како пратеник комплетно го поддржувам тој предлог на Владата и нивната идеја за спречување

на перење на пари и правење на конзистентна материја која во имплементирање на Секојдневниот живот ќе помогне да се дообработат законите за спречување на корупцијата и Законот за спречување на перење на пари.

Бидејќи сметам дека банкарскиот систем е една од основните полуги која може да одигра битна улога во функција на спречување на перењето на пари, во таа функција го поднесов овој амандман на членот 19 да се додаде членот 19-а.

Сто пати го замолив претставникот на Владата да ми даде образложение барем во две реченици, зошто не се прифаќа членот 19-а за да се доразработи постојниот член од Законот за банки, т.е. членот 53. Тогаш се повлеков и од дискусија и од натамошно инсистирање да се усвои мојот амандман, бидејќи во меѓувреме од праеник на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, имаше амандман со 90% со слична содржина како мојот. Меѓутоа, не знам од кои причини, како што кажав и тогаш, тој амандман беше повечен од самиот предлагач, што не е мое деловничко право да се мешам на самиот предлагач како ќе постапи и тоа го ценам. Потоа јас го поднесов новиот амандман, разработен членот 53 во три члена 19-а, 19-б и 19-в.

Јас би ги замолил пратениците да покажат доблест и ако се согласуваат како што јас и мојата пратеничка група се согласуваме, да го прифатат овој мој став дека јас ќе гласам позитивно и да ги упатам дека тоа било најпродуктивното решение да го направат и тие така. Инаку незнам зошто воопшто се вршени овие интервенции.

Јас како и мојата пратеничка група се изјаснуваме дека ќе го поддржиме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во понатамошната расправа секој кој сака да каже, ќе каже само како сам ќе гласа, а не да се убедува со другите. Завршена е целата таа расправа.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници.

За гласале 10 пратеници, воздржано гласале 23 пратеници и против 34 пратеник.

Констатирам Дека Собранието Не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот за додавање нов член 19-в, поднесен од пратеникот Илија Илоски е заклучен.

Има збор пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само едно појаснување за да Не настане забуна.

Колку што јас се Сеќавам членот 19-б, беше прифатен од Владата и требаше да стане составен дел од закнот, па не тр9ба да Се изјаснуваме.

Тоа се однесува, да ги потсетам тие што не ја следат седницата, на тоа Дека "органот во Република Македонија надлежен за превенција на перење на пари" Се заменува со зборовите: "Дирекција за спречување на перење на пари".

Кога јас тоа го образложив, колку што Ме држи памтењето, може да Се погледнат и стенографските белешки, претставникот на Владата го прифати. Сега незнам ние дали Деловнички треба да Се изјаснуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овие работи, сценариото се прави врз основа на стенографските белешки. Не е така.

Овде имало член 19-б, тоа што вие го зборувате. Тоа е усвоено. Тоа е прифатено. Значи 19-б е прифатен. Значи не се однесува на тоа.

Ве молам, претресот по Амандманот на член 19-в, поднесен од пратеникот Илија Илоски, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници.

За гласале 9 пратеници,воздржано гласале 18 пратеници и против 35 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот на член 40, поднесен од пратеникот Илија Илоски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници.

За гласале 11 пратеници, воздржано гласале 19 пратеници и против 34 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Фатмир Етеми поднесе амандман на член 1 за менување на став 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, за менување на ставот 5, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа, но имаме едно појаснување дека оваа проблематика ќе биде регулирана со Законот за девизно работење и во понеделник ќе биде поставено на Комисијата и на Владата. Значи таму ќе биде регулирана оваа проблематика. Од тие причини не го прифаќаме овој амандман по овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има пратеникот Фатимр Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

После образожението на заменик министерот за финансии, амандманот го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес - по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници,

За гласале 52, воздржано 5 и против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за банките.

Минуваме на четвртата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници.

За гласале 51, воздржано гласале 2 и против гласале 2 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата имаме 61 пратеник. Според тоа резултатите од гласањето важат.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието ги усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 53 пратеници.

За гласале 48 пратеници, воздржани 4 и против гласал 1 пратеник.

Меѓутоа ни9 сега имаме 62 прат^ници присутни во салата.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор г. Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата, Би сакал да укажам дека измените и дополнувањата на Законот за стечај би требало да се прифати, бидејќи, во основа, ги остваруваат целите и задачите на Законот за стечај и за стечајна постапка. Особено што може да се забрза постапката и да се оживотвори начелото на нешто што е прокламирано со законот. Би сакал да укажам дека Законот за стечај е донесен 1997 година со измени во поголем...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седете малку, јас ги молам пратениците нека имаат малку трпение да поседат, има време, ќе правиме паузи потоа и тогаш ќе разговарате. Сега седете сите на своите места.Невозможно е да се работи само со еден пратеник да обезбедуваме кворум. Седете внатре. Молам, продолжете господине Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Благодарам. Како што истакнав Законот за стечај е донесен 1997 година и измени од поголем обем се направени во 2000 година. Би било многу интересно прашањето на стечајните постапки во Република Македонија Општо е познато дека и стечајот, стечајните постапки имаат

огромен број недостатоци, низа неправилности, низа злоупотреби во трансформација на ликвидација на фирмите иако целта на стечајната постапка беше колективно намирување на доверителите на стечајниот должник преку ликвидација и така наречено впаричување на должниковиот имот и распределба на остварените средства приходите на доверителите или преку склучуваше на посебен договор за порамнување на побарувањата утврдени во стечајниот план што е насочен кон натамошно одржување на должниковиот деловен потфат. Би требало да укажеме, доколку имаме нормативно регулирање сигурно мал дел од нормативниот дел на Законот за стечај не ги давал можностите за остварување на оваа цел и затоа имаме измена и дополнување како што истакнав и 1997 година, на основниот и 2000 година, но другиот дел што би требало да го утврдиме, бидејќи често ние во Република Маке-донија, јас ќе истакнам одредени експерти, одредени луѓе тврдат дали поголем дел во злоупотреби во трансформација, преку ликвидација и стечај или преку приватизација е направен во Република Македонија. Ние како Парламент овде сметаме дека треба да укажеме. Недостатоците можат да бидат во два дела, тоа е едно во Законот и што ги утврди самата Влада во 2000 година, го подобри текстот, но тој не даде резултати и пак сега го подобрува текстот, истакнав да ја забрзаме постапката за стечај и по-крај се и другите елементи за кои ќе зборувам.

Другиот дел - како се спроведуваат стечаите во РМ, кој е задолжен за извршување на нормативниот дел од Законот за стечај Тука се стечајните судии, стечајниот совет и стечајниот управник.

Преку средствата за информирање и преку други разни елементи особено во РМ имаме огромен број на стечаи таканаречени активни кои испаднаа пасивни. Имаме огромен број работници кои врз основа на стечај беа изиграни и затоа во РМ имаме таква тешка социјална и економска положба на тие работници. Преку стечај, морам отворено да кажам, имаме еден нелегален елемент за трансформација и злоупотреба на општествениот имот на поединци и одредени личности. Дали недостатокот е во стечајните управници, дали е во стечајните судии, не можеме да кажеме, бидејќи има и чесни судии и чесни стечајни управници, но нешто недостига во координацијата помеѓу законодавниот дел и овие извршни служби.

Само податокот од Министерството за финансии во моментот во РМ егзистираат околу 25.000 претпријатија со блокирани сметки од кои според проценките на Министерството и Владата на РМ 90% од нив се очекува никогаш да не бидат реактивирани односно во најголемиот дел овие фирми немаат никаков имот, постоење на голем број вакви фирми имаат негативно влијание како на угледот на РМ пред Меѓународните финансиски и особено меѓу домашниот платен промет, меѓу домашните правни субјекти и претпријатија што значи во еден многу важен елемент, стечај, во кој имаме колективно намирување на доверителите на стечајниот должник нешто не е во ре,г Дали се стимулираше тој дел, дали во тој дел немаме доволна контрола јас не би можел од оваа парламентарна говорница да кажам сигурно треба подлабока анализа со измена на нормативнот дел и со делот на поголема контрола, бидејќи врз основа на Законот кој е 19-та точка на оваа седница голем дел од работниците за кои ќе расправаме со колегата Даневски останати се врз основа на стечај и укажуваат дека сите сме сведоци секоја вечер и јас како претседател на Комисијата за труд добивам допис за одредени недоречености за одредени недоследности. Тоа се случува кај големите претпријатија, богати претпријатија во тој дел се прави активен па пасивен стечај и слично.

Со дел на усвојување на овој закон сметам дека ќе се подобри нормативниот дел, бидејќи има неколку елементи, тука насоката за забрзување на постапката и мотивација на доверителите да ги следат објавените огласи за отворање на стечајна постапка со цел на време да ги пријават сите побарувања да можат да учествуваат во постапката.

Има едно интересно решение со предложените измени е тоа што се нуди прескокнуваше на претходната постапка и се скратува постапката за отворање на стечај што е интенција на секој активен стечај кој би требало да заврши благовремено и да не биде на штета на другите учесници во постапката.

Исто така, со овој закон има за цел да се зголеми одговорноста на основачите и одговорните лица во органите и телата на правните лица како и на трговците поединци. Тргнувајќи од

ваквата состојба што е направена дефакто врз основа на стечајните постапки во огромен дел во РМ има стечаи, мора да укажеме, кои направија оживување на фирмите со намирување на доверителите врз основа на стечајната маса и рестартирање и добро работат. Би требало да се укаже и на тој дел, но во РМ постоењето на 25 илјади претпријатија од сто илјади и кусур мртви претпријатија само на хартија, а неможност да се ликвидираат - да одат во стечај, тоа е голем проблем за функционирање на целокупниот правен промет.

Сметам дека Парламентот треба да го поддржи овој закон измените и дополнвуањата врз основа на овие укажувања и посебно во наредниот период Министерството за правда да поведе сметка, бидејќи знаете стечај ни управници се лица кои на еден доста нетранспарентен начин, се објави во "Службен весник" кој може да биде пријавен за стечаен управник. Не може транспарентност во средствата за јавно информирање, често гледаме и читаме не е можно едно исто лице да биде во две огромни претпријатија Не е можно никаде во светот, а и кај нас исти лица во претпријатија со огромен имот, со милијарди марки да биде ист стечаен управник. Имаме случај фирма во стечај во РМ се јавува како купувач на друга фирма во стечај. Каде го има тоа во светот?

Сметам дека во делот на судството не би сакал да навлегувам само би укажал, треба да бидат стручни, компетентни судии, судии со долгорочно искуство, а не судии со една,две или пет години стаж, бидејќи стечајната постапка е многу комплицирана бара многу сензуалност, бара разбирање, бидејќи се работи за намирување на долг или продолжување на работење на огромен број претпријатија, бидејќи основите за стечај со заострувашето дојдовме до еден паритет во постапката за покренување на стечај дали државниот орган или другите фирми, доколку фирмата е блокирана. Затоа сметам дека Министерството за правда и Владата треба одново да ја отворат постапката за компетентни и стручни стечајни управници. Во Законот во тој дел не може иако немаме амандмани, тоа е нормално, интенцијата на законодавецот беше јасна, не може стечајниот управник да е со професионално занимање истовремено во три четири фирми, тука треба да ја заврши, истите лица во Македонија се стечајни управници. Многу индикативен податок и како што истакнав претседателите на судовите во чија надлежност е би требало да поведат поголема сметка за стечајнити судии. Инаку ќе го поддржиме овој закон со измените.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине претседател, дами и господа пратеници, стечајфт.е една мерка со финални последици. Завршницата од стечајот е таква што државниот субјект на крај се укинува најчесто, но напати и тоа е интересно за нашето општество, може да се изнајде решение за натамошен опстој.

Прашањето е дали исклучиво преку стечајна постапка на фирмите кои се во сериозни тешкотии единствено може да им се помогне. Независно од тоа каква ќе биде политиката на Владата во економскиот дел самиот пристап за зајакнување на одредбите околу ефикасно поведување на стечајна постапка и нејзино завршување заслужуваат не само внимание, туку и поддршка, бидејќи при ваква забрзана стечајна постапка придонесува во пресметливоста, во предвидливоста на амбиентот за стопанисување.

Посебно ми пага во очи членот 6 каде се кажува мерка на забрана за учество на одговорни лица во трговски друштва т.е. во фирми кои фирми биле доведени до дното односно не можат понатаму да стопанисуваат и сметам дека забраната за таквите поединци кои со своето неуспешно работење придонесуваат за нанесување штети и пошироко во општеството е сосема логична работа тие во иднина да бидат или во урпавен орган или во надзорно тело на трговско друштво т.е. фирма или да основаат фирма како поединец.

Единствено би барал појаснување зошто се зема перид од три години, има искуства на широките простори на оваа планета и со поголем период можеби со попуст но кои биле мотивите на предлагачот за да се фиксира на тригодишна забрана. Од приложениот текст не се дознава и би било добро да се расчисти.

Јас лично сум наклонет кон тоа оваа забрана да биде во подолг временски

период, но убаво е да слушнеме какво е мислењето и на претставникот на Владата околу ова прашање.

Инаку, кај нас стечајни постапки ги бранувааат духовите воглавно за фирми кои постојат со децении, односно од периодот на поранешното општествено уредување, а не и за фирми кои се новоосновани, па и тие одат во загубари и ги нема. Владата под фирми загубари книжи само такви каде има општествен или државен капитал во меѓувреме државен капитал а судбината кај приватните фирми останува исклучиво во надлежност на тие кои ја основале и околу ова прашање ќе може да се поведе дискусија, но секако не е во рамките на овој закон.

Би било добро ние како Парламент да ги претресеме состојбите во фирмите кои се под стечај посебно таму каде има општествен капитал или државен капитал и да видиме какви се реперкусиите по луѓето, но исто така која програма на производство преку стечајна постапка е поведена.

Благодарам .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 4 став 1 и на член 6 по новиот член 345-а став 1.

Пратеникот Александар Трпевски, поднесе амандман за додавање нов член 2-а по членот 2 и истиот го повлече.

Отворам претрес по амаднманот на член 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амаднман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа, бидејќи на самата Комисија повереникот се согласил.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, амандманот се прифаќа.

Отворам претррес по амаднманот на член 4 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил поверникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

И овој амаднман е од технички карактер и се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 6 во новиот член 345-а став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Бидејќи амандманот е од технички карактер, амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Се гласа по законот.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои за гласале 64, воздржано гласале 2 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај.

Минуваме на 5-та точка - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за платниот промет,со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесуваше на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за платниот промет.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 65 пратнеици, воздржано гласал 1 пратеник, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници,

58 пратеници гласале за.

Никој не гласал воздржано.

Еден пратеник гласал против.

Ве молам да утврдиме точен на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

67 пратеници се присутни во салата, тоа значи дека некој не гласал.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман за додавање нов член 1-а по членот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман за додавање нов член 1-а по членот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман за додавање два нови члена по членот 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1 поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена по членот 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме. Вкупно гласале 66 пратеници. 62 пратеници гласале за. Воздржано гласале 2. 2 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за платниот промет.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го донесе следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници.

59 пратеници гласале за. воздржано гласале 4. Против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот. Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 60 пратеници гласале за,воздржано гласале5. Против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. ЗПК поднесе амандман на член 1 став 1.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман за додавање нов член 2 по членот 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го

молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2 по членот 1, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме. Вкупно гласале 55 пратеници. 49 пратеници гласале за. Воздржано гласале 6. Против не гласал никој. Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 63 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

За збор се јави господинот заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Господине претседателе, би замолил оваа точка времено да ја прескокнеме, затоа што има најавено одредени амандмани кои треба да бидат поделени. Ве молам подоцна да се навратиме на оваа точка.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го донесе следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници.

50 пратеници гласале за.

Воздржано гласале 4.

Против не гласал никој.

Сега ги пребројувавме, да видиме дали имаме точен број, или пак некој излегол од салата.

(Службите ги пребројвуаат присутните)

Сега имаме 62 пратеника во салата.

Ве молам гласањето важи.

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Ве молам не читајте весници, туку гласајте. За гласање сме овде. Не велам како ќе гласате, гласајте.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници.

54 пратеници гласале за.

Воздржано гласале 3.

Против гласал 1 пратеник.

Со оглед дека има 62 пратеника во салата, констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1, член 2, член 3, член 4 за менување на воведната реченица за додавање на нов ред по воведната реченица и за додавање нов став 2 по став 1 и за бришење на член 5.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандмани за додавање нов член 1 пред членот 1 за додавање нов член 2 на член 1, за додавање три нови членови 3-а, 3-б и 3-в, член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за менување на член 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на воведната реченица за додавање нов ред по воведната реченица и за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 пред членот 1, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање на три нови членови 3а, 3-б и 3-в, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да Се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Мола, кој бара збор? (Никој)

Бидојќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Во молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници.

60 пратеници гласале за.

Воздржано гласале 5.

Против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Закон за преземање на акционерски друштва, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го донесе следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за доносување на закон за изменувањо и дополнување на Законот за преземање на акционорски друштва.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници.

52 пратоници гласале за.

Воздржано гласале 5.

Против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеници.

53 пратеници гласале за.

Воздржано гласале 3.

Против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Има збор пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Влада.

Овој закон во неговата сегашна верзија, значи пред измените, е донесен на почетокот на годинава, т.е. во месец јануари 2002 година. Во процедурата за донесување на законот за преземање на акционерски друштва тогашна, ние во име на пратеничката група на СДСМ излеговме со предлог да тогаш во таа процедура законот се носи во две фази. Имено, предложивме да тој се носи во фаза - предлог за донесување на закон и после собраниска расправа по тој предлог. Респектирајќи го предлагачот, забелешките од таа собраниска расправа тогашна, да излезе со предлог на закон за преземање на акционерски друштва. Но, и во таа прилика, како и обично во овој Парламент, нашите предлози не се прифатија. Еве, во оваа прилика се потврдува дека ние тогаш сме биле во право, затоа што за еден краток период од неколку месеци се потврдува во пракса дека така на брзина донесен еден закон кој што во себе регулира една деликатна материја, е само лош потез на предлагачот и на Парламентот, бидејќи во пракса тој закон не може да се примени и заради тоа предлагачот, еве, во оваа прилика излегува многу скоро од претходното донесување, со измени на законот кој што скоро го донесе Парламентот. И во таа прилика и во оваа прилика должен сум да кажам дека мислењето кое тогаш го искажав дека сега го задржувам и сметам дека овој закон и овие измени на закон кои што се предлагаат, се штетни, особено неповолни за малите акционери. Деновиве имавме прилика да ја примиме веста од Централниот депозитар кој што информираше јавно дека ќе достави на домашни адреси сертификати за поседување на акции на сите оние кои што внесени во Централниот регистар на Централниот депозитар. Такви во Република Македонија се над 220 илјади и овој закон и основната негова верзија и оваа верзија со која што се предлага измена на основната верзија се особено неповолни за малите акционери, а нив во Република Македонија ги има над 200 илјади. Особено се неповолни овие дополнителни измени по законот, кој што и дополнително ја влошуваат положбата на малите акционери, со оглед на тоа што ако до сега имаше еден праг во досегашниот закон кои што беше виден низ процентот на 51% од приватизирани фирми, кај кој што може да се применува законот за преземање на акционерски капитал, сега, со овие измени тој праг се брише и Законот важи за сите акционерски друштва во Република Македонија.

Не е доволно што се зголемува вредноста на капиталот на друштвата, затоа што многу е понеповолно тоа што ако до сега

со основната верзија на законот преку преземање на акционерски капитал беше оневозможено да се влијае со тој закон за акционерски друштва кои што се приватизирани под 51% сега овој закон важи и за сите.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**: (продолжение)

Сега, овој закон важи за сите. Бидејќи, покасно ќе кажам кои се негативностите кои што ги доведуваат во таква неповолна ситуација малите акциониери, дефакто се согледува штетноста по нив од носењето на овој закон.

Кај мене се јавува и една дополнителна дилема , која што очекувам во оваа расправа по општиот претрес по текстот на законот, да ми се објасни зошто е иземен, кога веќе оценува предлагачот дека е поволен потег на ваков начин да се презема акционерскиот капитал, зошто од поимот капитал е иземен државниот капитал, кој е во сопственост на '.РМ и зошто процедурата пропишана по овој закон не важи за државниот капитал, кој што е во сопственост на РМ, со кој што располага Агенцијата за приватизација на :.РМ и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Не гледам и неможам да најдам во законов еден аргумент кој што оди во прилог на додавање нов став во член 2 во името на став 3 со кој што се регулира ваквиот приод на предлагачот, штом е тоа приод на предлагачот, тоа ќе биде потврдено во пракса и прифатен од овој дом. Ако смета присутниот претставник на Влада да ми се даде одговор на ова прашање, јас би бил навистина задоволен да ги слушнам аргументите кои што ги водеа за да предложат вакво дополнување на законот за вака кус период.

Инаку, да биде појасно и за присутните во оваа сала, а би рекол и за малите акционери кај кои што побудува интерес носењето на овој закон , заради ситуацијата во која што тие се ставаат со носење на овој закон, ќе кажам во прилог на претходната констатација само неколку елементи кои што ќе ја потврдат таа претходна констатација. Имено, со законот концентрацијата на моќ се лоцира во името на министерот за финансии. Значи, и во оваа област министерот за финансии е тој што во име на Комисијата за хартии од вреност по претходна процедура носи дефинитивен акт со кој што дава или одзема право за преземање на акционерски капитал. Тоа значи дека министерот за финансии одлучува за имотот на други, а тој имот е имот на малите акционери. Министерот за финансии одлучува кој може да го купи нивниот имот, без претхопдно да биде согледана или проценета нивната волја дали се за продавање на тој или не се за продавање на тој имот. Нив за тоа никој не ги прашува. Тој одлучува кој може да го купи, тој одлучува по која цена може да се купи. Значи, елементарно напуштаме и во оваа област една пазарна ориентација, затоа што тие постапки не одат преку верифицирани институции во името на Македонска берза за промет на хартии од вредност, туку целата надлежност се лоцира во правото на Комисијата за хартии од вредност да одлучува во оваа постапка, а номиниран претседател на Комисијата за хартии од вредност, која што е Владина комисија, за оние кои не се во тек, ќе кажам дека е министерот за финансии. Тоа значи дека напуштаме можност со овие измени преку еден конкурентен однос на пазарот т.е. на берзата да се согледа правата вредност на акциите кои ги поседуваат малите акционери. Напротив, преку соодветни понуди до Комисијата за хартии од вредност со цена на вредноста на хартиите онаква каква што ја понудува понудувачот до Комисијата за хартии од вредност, непазарно може да се продава или да се презема, се разбира со плаќање акционерски капитал, а со тоа да се обезбеди и управувачкиот пакет во соодветно акционерско друштво кое што е предмет на активности согласно оние измени кои што се предлагаат на овој Парламент.

Одтаму само овој пат кој што го споменувам е доволен да констатираме дека имателите на акции , т.е. сопствениците на акции ќе бидат дезавуирани во процесот на промет со нивните акции, а со тоа мислам дека овој закон ќе се соочи и со уставна пречка за загарантираност на сопственоста во .РМ. Бидејќи , едно е сопственоста да се трансформира од имател на имател, пазарно, а сосема е поинаку и би рекол полошо ако е тоа непазарно како што е пропишано со овие измени да се прави во РМ. Заради тоа , а имајќи го предвид и досегашното искуство, имајќи предвид дека вакви иматели на акции се над 200 илјади граѓани во.РМ, мојот став и по овие измени е неизменет во однос на оној кој што го кажа во процедурата за носење на основниот закон, базичниот закон, предлогот закон за преземаше на акционерски друштва.

Тоа значи дека јас во интерес или во име на една поголема група на акционери ќе бидам против овие измени заради заштита на нивните интереси, кои интереси се концентрирани во вредноста на нивните акции. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор, (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрењ.

Отворам претрес по текстот на Предлог на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1 став 2, член 6 за бришење на член 10 и на член 11.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман за додавање на нов член 4-а по членот 4 и за додавање член 5-а по членот 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман за додавање нови членови 7-а, 7-б и 7-в, по членот 7 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 2 за додавање два нови става по став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александа Пандов поднесе амандман за додавање на член 7-а по член 7 по кој Владата не се произенла. Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од ЗПК , со кој амандман се согласил претставникто на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 10 поднесен од ЗПК, со кој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа и овој амандман

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандман за додавање нов член 4-а по членот 4 поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ :**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен од текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а по членот 5 поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање три нови членови 7-а, 7-б и 7-в , по членот 7 поднесен од пратеникот Милан Ставрев,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање два нови става,по ставот 1 поднесен од пратеникот Александар Пандов.Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека предложениот амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а на член 7, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дек апредложениот амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова не е прв пат, но овој пат е карактеристично да се прифатат амандмани од страна на Владата повеќе во однос на предложените измени на законот. Ние, кои најчесто сме во овие простори овде, сведоци сме дека и досега тоа се случувало, но овој пат навистина за да се избегне една посодржајна расправа по однос на предложениот текст за измени на законот за преземање на акционерски капитал , тука се прифатени амандмани кои што навистина по малку се чудни. И, дополнтиелно ако бев цврст во мојата констатација околу негативниот став во однос на овој закон, овој пат ги повикувам оние пратеници кои оваа економска активност сакаат во РМ да се одвива во интерес на РМ , да гласаат против законот дополнет со прифатените амандмани.

Колеги пратеници, она што го кажав се потврдува и прецизно со прифатените амандмани. Еден од прифатените амандмани е следен.

Купопродажните трансакции на хартии од вредност врз основа на јавна понуда за откуп не се вршат преку берза. Се прашувам,зошто е берзата формирана во РМ или зошто во пазарните стопанства функционираат берзите. Едноставен е одговорот.

Преку берза та да се постигне пазарна цена на вредноста на одреден имот, во овој случај имотот е во вид на хартии од вредност, кои што се вредносни во вид на акции. Од таму, ако се имплементира и ова во нашето законодавство, а јасно е дека тенденцијата на овој закон води кон тоа , јасни се намерите на предлагачот за активностите кои што по овој закон ќе се преземат во РМ. Тоа значи, почитувани колеги, дека се дерогира еден систем , дека во него се внесуваат непазарни елементи а сето тоа крајно е на штета на имателите на мали акции или т.н мали акционери, а верувајте дека нив ги има 200 илјади во РМ и сите тие имаат право на свој имот, оној кој што го стекнале низ нивното работење и на права цена на тој имот. На овој начин се обезвреднува тоа што тие го поседуваат.

Ова е дополнителен факт , кој што врз мене, а се надевам и во мојата пратеничка група, ќе го изгради ставот за гласање против овој закон. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот и истиот го ставам на гласање.

Колеги пратеници, во салата со броење е утврдено дека има 60 пратеници. Ги молам оние што се надвор, да влезат во салата за да

можеме да гласаме.

Нема пауза, и нека влезе тој еден пратеник што е надвор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Продолжение)

Молам службите да избројат колку пратеици се присутни во салата.

Ги молам двајцата колеги кои излегоа во меѓувреме да се вратат во салата.

По трет пат ги повекувам двајцата што излегоа во меѓувреме да се вратат во салата. нема смисла да ги именувам.

Молам да се изврши поединечна прозивка на присутните пратеници во салата по список.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

ЈОНУЗ АБДУЛАИ - ТУКА
АБДУРАХМАН АЛИТИ - ОТСУТЕН
АБДУЛ ААЛИУ - ОТСУТЕН
ЌАНИ АЛИУ -ТУКА
МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ - ТУКА
СТОЈАН АНДОВ - ОТСУТЕН
КИРИЛ АНДОНОВСКИ - ОТСУТЕН
МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА - ТУКА
ЉУПЧО АНУШЕВ - ТУКА
АМДИ БАЈРАМ - ОТСУТЕН
ДЕМУШ БАЈРАМИ - ТУКА
ФАДИЛ БАЈРАМИ - ТУКА
ДИМИТАР БАТКОВСКИ - ОТСУТЕН
МЕРСЕЛ БИЉАЛИ - ОТСУТЕН
ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА - ТУКА
ЈОРДАН БОШКОВ - ТУКА
ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ - ОТСУТЕН
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - ОТСУТЕН
СЛОБОДАН ГАРЧЕВСКИ - ТУКА
ВАСИЛ ГАЏОВСКИ - ОТСУТЕН
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ - ТУКА
ТРАЈКО ГЕШОВСКИ - ОТСУТЕН
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - ОТСУТЕН
ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ - ТУКА
ПЕТАР ГОШЕВ - ОТСУТЕН
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ - ТУКА
ЗАМИР ДИКА - ТУКА
ВАНЧО ЃОРГИЕВ - ОТСУТЕН
ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ - ОТСУТЕН
ФАТМИР ЕТЕМИ - ТУКА
ВАСИЛЕФТИМОВ - ТУКА
НАСЕР ЗИБЕРИ - ТУКА
ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО - ОТСУТЕН
МИРКО ИВАНОВ - ТУКА
ИЛИЈА ИЛОСКИ - ОТСУТЕН
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ - ТУКА
ЖАРКО ЈАНКОСКИ - ТУКА
НИКОЛА ЈОВАНОВ - ТУКА
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА - ТУКА
МАРИКА ЈОРДАНОВА - ТУКА
НАЗМИ КАДРИУ - ТУКА
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ - ОТСУТЕН
ЖАРКО КАРАЏОСКИ - ТУКА
РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА - ТУКА
МИТКО КИРОВ - ТУКА
ЛАЗАР КИТАНОСКИ - ОТСУТЕН
САВО КЛИМОВСКИ - ОТСУТЕН
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - ТУКА
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ - ТУКА

ИЛИЈА ЛАЗАРОВ - ТУКА
ГОРАНЧО ЛАЗОВ - ТУКА
БИЛАЛ ЉУТФИИ - ТУКА
ЈАНИ МАКРАДУЛИ - ОТСАТЕН
ВАСЕ МАНЧЕВ - ТУКА
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА -ТУКА
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА - ТУКА
ДИСПИНА МАРКОВСКА - ТУКА
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ - ОТСУТЕН
ДРАГАН МИТЕВСКИ - ОТСУТЕН
КИРИЛ НАСТЕСКИ - ТУКА
РУБЕНСНАУМОВСКИ - ОТСУТЕН
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ - ОТСУТЕН
ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ - ТУКА
ЛЕКСАНДАР ПАНДОВ - ТУКА
ВАНЧО ПАНЧЕВ - ТУКА
ИЛИЈА ПЕМОВ - ТУКА
ТИТО ПЕТКОВСКИ - ОТСУТЕН
ЧЕДО ПЕТРОВ - ОТСУТЕН
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ - ТУКА
АЗИС ПОЛОЖАНИ - ОТСУТЕН
СТОЈАН ПОПОВ - ОТСУТЕН
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - ТУКА
НИКОЛА ПОПОВСКИ - ТУКА
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ - ТУКА
ИСМЕТ РАМАДАНИ - ОТСУТЕН
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ - ТУКА
НЕНАД РИСТОВСКИ - ОТСУТЕН
АЦЕ САЈКОВСКИ - ТУКА
АСЛАН СЕЛМАНИ - ТУКА
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ - ТУКА
ВАНГЕЛСИМЕВ - ТУКА
РИСТО СПАНАКОВ - ТУКА
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ - ТУКА
ЃОРЃИ СПАСОВ - ОТСУТЕН
МИЛАН СТАВРЕВ - ТУКА
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - ОТСУТЕН
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - ТУКА
ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - ТУКА
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ - ОТСУТЕН
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ - ТУКА
ВЛАДОСУГАРЕВСКИ - ОТСУТЕН
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - ОТСУТЕН
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ - ОТСУТЕН
МУХАМЕД ТАИРИ - ОТСУТЕН
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ - ТУКА
МЕВЉАН ТАХИРИ - ОТСУТЕН
МИТКО ТИЛЕВСКИ - ТУКА
ГОРЃИ ТОДОРОВ - ОТСУТЕН

РИСТО ТОДОРОВ - ТУКА
ПАВЛЕТОДОРОВСКИ - ТУКА
ПАНДЕ ТОМОВ - ТУКА
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ - ТУКА
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ - ТУКА
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ - ОТСУТЕН
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ - ТУКА
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ - ОТСУТЕН
СЛОБОДАН ЌОСЕВ - ТУКА
ТАКИ ФИТИ - ОТСУТЕН
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - ТУКА
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ - ТУКА
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - ТУКА
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - ОТСУТЕН
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА - ОТСУТЕН
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ - ОТСУТЕН
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ - ТУКА
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ - ОТСУТЕН
АРБЕН ЏАФЕРИ - ОТСУТЕН
АЛИЈА ШАХИЌ - ТУКА
РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА -ТУКА

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да го соопштиме резултатот.

Колеги, сега кога се пребројувавме утврдивме дека во салата се присутни 73 пратеници.

Ве молам да гласаме.

Вклучете го системот за гласање.

(По гласањето)

Вкупно гласале 69 пратеници од кои 59 за, 6 против и 4 воздржано.

Констатирам дека Законот е усвоен.

Продолжуваме со точките од дневниот ред.

Повторно минуваме на 10-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализациа со Предлог на закон.

Бидејки е заклучен претресот по Предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за издавање на обврзници на Република Макеодниај за денационализација.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 61 за, 3 воздржано и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 62 пратеници, од кои 56 за, 4 воздржано и 2 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 3 и 4, член 9 и на целиот текст на Предлогто на законот за додавање на зборовите "за денационализација" и по зборот "обврзници", "односно обврзница".

Пратеникот Никола поповски поднесе амандман на член 2 став 3, член 4 за менување на став 1, член 5 став 2, член 7 став 2, член 10 за менување а став 1 и на член 10 за бришење на став 2, по кои Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 и 4, поднесен од ЗПК, со кој се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член е поднесен од ЗПК.

Со овој амандман Се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен Дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на Целиот текст на Предлогот на законот за додавање на зборовите "за денационализација", по зборот "обврзниците односно обврзница", поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам Дека амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Збор побара предлагачот на амандманот г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Назнам зошто овој амандман Не Се прифаќа, овој амандман не е од значење да ја менува политиката на законот што се предлага. Единствено го допрецизира ставот 3 на членот, каде што кажува дека Владата го утврдува износот на обврзниците кои се издаваат со прецизација врз основа на решението за денационализација штоне може да се реализираат со враќање на имотот. незнам дали тоа е нешто што 9 спротивно на законот вака како што е поднесено. Напротив, мислам Дека е во рамките на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој друг Не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на галсање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 21 за, 14 воздржано и 34 против.

Констатирам Дека амандмнаот на член 2 став 3, поднесен од пратеникот Никола Поповски Не е усвоен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

(Продолжение)

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што во Законот за денационализација, во членот 43 е кажано дека обврзниците се отплаќаат во годишни рати,а не во полугодишни рати.

Молам, дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Без разлика овие два закони не се во хиерархиска подредена еден на друг.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам колеги да се сослушаме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ниту еден од овие два закони не е со поголема важност во однос на другиот и затоа сметам дека може да се прифати ова решение кое е поповолно за граѓаните на полугодишни рати да се исплаќаат обврзниците наместо еднаш годишно, двапати годишно. Во билансот нема ништо да пореметува пошто каматите останувaат со втората рата на 1 јуни, на буџетскиот баланс и мислам ако се прифати ова решение нема ништо спорно да биде на наредната седница во Законот за денационализација полугодишни да се додаде наместо годишни каде што е уредено тоа прашање. И од тој аспект сметам дека ако е поповолно, ако не дава на Буџетот дополнителни трошоци, а не дава само ги исплаќа понапред три месеци од предвиденото, дека може да се прифати. Затоа барам пртениците да гласаат за овој амаднман зошто и поповоленза оние кои се обештетуваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали уште некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за 14,воздржани 14 и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот на

член 4'за менување на став1 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека овој амаднман е во корелација со претходно поднесениот амандман за 20 полугодишни рати, а не за 10 годишни рати на доспеваше на обврзниците, а имам предвид дека не помина тој амандман, така што овој амандман сега нема никакво значење и да помине, нема да го смени текстот на законот, према тоа го повлекувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е повлечен и по него Собранието повеќе нема што да расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа од причина што согласност на Законот за хартии од вредност по членот 2 и членот 147 став 3, централниот депозитар издава потврди, односно извод на секој имател на хартии од вредност. Што значи дека имателот на оваа обврзница ќе добие потврда од централниот депозитар и нема потреба од амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Колега Поповски, повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сега јас го нема предвид тој закон што со соопштува минис-терот, ако е тоа веродостојно како што е соопштено, тогаш го прифаќам зошто смислата е токму тоа да се издаде потврда од страна на централниот депозитар на оној кој има електронски обврзници.И ако е тоа решено со другиот закон го прифаќам како такво дека материјата е веќе уредена со истата намера и заради тоа го повлекувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е повлечен и Собранието нема да расправа по истиот.

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесенн од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

И овој амандман не се прифаќа бидејќи тргувањето е согласно законот за хартии од вредност, во членот 68 е регулирано само преку берзата за долгорочни хартии од вредност и затоа мислам дека неможеме да го прифатиме и овој амаднман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ние неможеме со Законот да ги ограничиме имателите на обврзници по основ на денационализиран имот да мораат да тргуваат со нив само на берза на долгорочни хартии од вредност регистрирани во Република Македонија. Не ми е јасно и неможам да прифатам дека доколку друга берза вон од берза регистрирана во РМ сака да тргува со овие хартии од вредност, а тие хартии се државни обврзници и нормално е дека може и на друга берза да се тргува со нив, доколку некој има интерес и доколку имателите на обврзници сакаат да тргуваат со нив, сметам дека не постои никаква законска пречка овие обврзници, со оглед на сигурноста за нивна-та исплата по основ на буџетските приливи во РМ да можат да се тргуваат и на други берзи.

Имам предвид дека има и граѓани наРепублика Македонија кои ќе добијат вакви обврзници, кои нужно не живеат со постојано живеалиште во Македонија, а исто така, и оние кои живеат тука можеби подобро со нив ќе тргуваат на берзи вон од Република Македонија, мислам со подобра котација на берзата и подобра вредност.

Оттука, не гледам зошто би ги ораничиле да мора само на нашата берза да тргуваат. Може да сака и на некоја друга берза да тргува со нив и други луѓе да купуваат обврзници.

Оттука, сметам дека нема услови по ова образложение да го повлечам амандманот за разлика од претходните два и на Парламентот да им даде можност носителите на обврзници со нив да тргуваат и на други берзи кои тоа го овозможуваат,освен скопската.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 14 пратеници, 18 се воздржале, и 36 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Овој амаднман не го прифативме затоа што гледаме дека нема суштинско значење. Се одлучивме за ваков став дека со обврзниците може да тргуваат домашни и странски правни и физички лица, со цел да биде појасно и потранспарентно и сметаме дека тоа треба да стои така.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас напротив, сметам дека овој став е непотребен и дека и кога не би го пишувало тоа во законот, ќе биде така како што го пишува законот.Оваа одредба не забранува ништо, ниту пак насочува нешто, туку кажува тоа ако не го има во законот ќе биде општо познато дека со тие обврзници тргуваат домашни и странски физички лица и домашни и странски правни лица. Ние со оваа одредба во Законот не правиме рестрикција некој да немможе да тргува, па да остане одредбата, туку напротив им даваме за право, тие тоа право ќе го имаат и кога во законот не би го пишувало и затоа тоа се што не е забрането е дозволено.

Од тие причини сметам дека ваквата одредба кога не би постола, кога би била рационализирана во Законот ќе го има истиот ефект и затоа сметам дека не треба да постои со оглед дека прометот со обврзниците е дозволен. Едноставно, не гледам причина зошто би останала. Затоа сметам дека Парламентот треба да го усвои овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеника, 16 гласале за,18 се воздржале, и 35 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за бришење на став 2,поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлог законот и Законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Од место се јавува пратеникот Вангел Симев и бара да му се овозможи да дискутира).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам се јавивте по заклучување на претресот.Но, ајде повелете.

Господине Вангел имаме по текстот на законот.Ќе говорите за содржина на законот. За политика веднаш ќе си одите.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, и почитувани пратеници,денеска со притискање на едно копче, можеме да исправиме една многу голема неправда, што во минатото е донесена. Бидејќи сум човек кој ја почитува правдата и постојано тој се бори за правда,а никогаш нема да прекратам да не се борам за таа правда, дали денеска, или утре да не биде исправена. Од наведените причини, бидејќи во минатото со закон во едноумието им беше одземено, се она луѓето што чесно го заработиле и го стекнале, напоменувам дека тоа со закон им беше одземено. Таа неправда историска е исправена, токму со друг закон, кој денеска го носиме. Од наведените

причини, јас ќе гласам за овој закон. Само нагласив кога беше расправата дека бев против затоа што се вршеше селективно бидејќи има граѓани кои сеуште не се обештетени. Мило ќе ми биде и тие во иднина да бидат обештетени.

Логички го поставувам прашањето: аналогно на првиот закон кој беше донесен во минатото, сега партијата македонска ВМРО, кога ќе дојде на власт, ќе донесе нов закон, сите оние кои се истерани од работа, на сите оние на кои им е одземен имотот на сила, како и принудно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прекинете ве молам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Како и преку ноќ што се збогатиле со закон се да им се одземе и да им се врати на тие врз кои било употребено сила.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ве молам да гласаме.

Го ставам законот на гласање.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата за да можам да го соопштиме резултатот од гласање.

Бидејќи во салата се присутни 63 пратеника гласањето е спроведливо како чин и од присутните 64 пратеника, гласале 54, од кои 54 за. Констатирам дека законот е усвоен.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за банки за микрофинансирање, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следиот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за банки за микрофинансирање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник од 71 присутен, 58 гласале за, 3 воздржани, никој не гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Второ, дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеника.

Ги молам стручите служби да ги пребројат присутните пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои излегоа во меѓувреме, да се вратат во салата за да гласаме.

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам почитуван потпретседателе, јас ги разбирам напорите што ги вложувате за натамошниот тек на седницата, само со вакво искуство, веројатно, повторно заради кворум не ќе може да се работи. Јас сакам да апелирам до вас господине потпретседателе вие да истакнете какви точки имаме уште на дневен ред, за да ни биде јасно дали ние сакаме тоа да се апсолвира или не сакаме. Треба да имаме на ум дека во тој материјал кој ни претстои, не само економските интереси на оваа земја се во прашање, туку исто така и прашања кои се поврза-ни со судбината на нашите граѓани, а тоа би била последната точка, а исто така и судбината,или благосостојбата на лицата кои го губат своето работно место.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Бошков ако сте толку за пауза излезете барем вие, па тогаш ќе прекинеме со работа. Навистина нема смисла.

Во овој момент влегува и 61 пратеник. Молам да го повториме гласањето.

Вклучете го системот за гласање да го повториме гласањето. Гласале 59 пратеници од кои 56 пратеници гласале за, тројца воздржани и против нема.

Колеги пратеници, во салата имаме 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2 став 1 во целиот текст на Предлогот на законот за додавање на зборовите "за микрофинансирање", по зборот "банка" и на член 10 став 4 и на член 12.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 4 став 2 и на член 8 став 1 за менување на точките 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман на член 2 став 1, член 2 став 1, за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4, член 3, член став 3 точка 1, член 4 став 3, член 2, член 4 став 3 точка 3, член став 5, член 8 став 1, за менување на уводната реченица, за бришење на член 9, член 10 и за додавање нов став 6 по ставот 5 и за бришење на член 11, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.Со овој амандман се согласи повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот во целиот текст на Предлогот на законот за додавање на зборовите "за микрофинансирање" по зборот "банкат", поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандман на член 10 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Консататирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандман на член 12, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за менување на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што формирашето и функционирањето на овие банки за микрофинансирање е регулирано во други земји на Балканот. Целта на овие банки е стимулирање на претприемаштвото, односно финансирање на мали и средни претпријатија, а не и кредитирање на станбена изградба, бидејќи ќе се наруши целиот концепт на работење на банките за микрофинансирање.

Министерството за финансии смета дека требада се почитува овој светски концепт додека земаме депозитии давање кредитина физички лица, треба да остане во рамките на веќепостоечките банки во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас имам спротивно мислење од Министерството за финансии. Сметам дека овој амандман треба да се поддржи од страна на Парламентот затоа што го одложува финансирање на една од проблематичните сфери во Република Македонија, тоа е станбената изградба. Значи тука е мошне битна разликата. Им овозможува на банките за микрофинансирање, до колку сакаат да вршат кредитирање на станбена изградба на физички лица, на станови за свои потреби а не за пазар. Меѓутоа од излагањето на господинто заменик министер Дуљанов може да се стекне впечаток дека до колку оваа одредба се внесе тогаш ќе се создаде обврска за банките што не е така. Значи само се создава можност. Сега јас мислам дека е подобро за една многу сензитивна област, станбената изградба во Република Македонија, да овозможиме на банките за микрокрофинансирање, да можат, до колку они ценат дека се спремни, способни, доколку мислат дека е тоа за нив профитабилна зделка, да кредитираат станбена изградба на физички лица. До колку на банките им дадеме можност да ценат дека тоа не е потребно за нив, тие не мора да ја искористат таа можност. Меѓутоа не гледам зошто би ја скратиле.

Второ, и во самиот член 2 од ставот 1 кажува дека се основа за финансирање на дејности што ги вршат правни, меѓутоа и физички лица, значи лица кои се занимаваат со земјоделска дејност, лица кои се занимаваат со слободни занимања, лица кои се занимаваат со занаетчиска и земјоделска дејнос. Значи физичките лица во секој случај ќе бидат дел од оние кои ќе аплицираат пред банката за своите дејности и мислам нема да биде спротивно на духот на законот, напротив ќе ја подобри оваа сфера во Република Македонија ако овие банки можат да даваат станбени кредити на физички лица согласно член 2. Затоа барам од пратениците да го поддржат ваквиот концепт.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Покрај ова образложение за тој амандман можеби треба да се размисли на тема, ваквото решение, значи давање можност на банката за микрорфинансирање, значи да дава можност за такви кредити ќе се создадае и една конкуренција на пазарот на кредитирање на станбената изградба, зборувам за индивидуални станови. Бидејќи пак во овој период комерцијалните банки не се многу издашни во финансирањето на ваквата сфера, или тоа го прават под, навистина, неповолни услови а младите луѓе тешко доаѓаат до решавање на станбеното прашање. Затоа мислам дека ваквата можност треба да стои, со тоа што ќе го подобри такмичењето меѓу банкарските субјекти за давање на такви кредити, во доменот на индивидуалната станбена изградба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеници.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

Резултатот не може да произведе дејствие бидејќи очигледно е помалку од потребниот број за одлучување.

Ги молам колегите кои после прозивката додека траеше расправата излегоа, да се вратат во салата.

(Некои од пратениците прелдагаат да се изврши поединечно гласање за присуство на пратениците).

Нема потреба, бидејќи ако се прозиваме за дневници ќе имаме 78 пратеници. А штом ќе почнеме да работиме останувамe на 50 прате-ници.

Не е чесно тоа.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат. Оние пратеници кои сега се присутни во салата нека го притиснат копчето и тие ќе добијат дневници.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата за дневница.

(Давам пауза од еден час).

(Паузата траеше од 15,40 до 17,00 часот).

Ја прекинувам седницата поради немање на кворум, а ќе продолжиме откако претседателот по писмен пат ќе го закаже продолжението.

Утре нема седница.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).